**Закон за одбрана**
**Предлог за нова Глава**

Глава VI
КАТЕГОРИИ И СТАТУС НА СЛУЖБЕНИЦИ ВО ОДБРАНАТА

Член __________

(1)Во Министерството за одбрана службениците во одбраната се делат на четири категории, и тоа:

- категорија А – секретари.
- категорија Б – раководни овластени службеници.
- категорија В – стручни овластени службеници.
- категорија Г – помошно стручни службеници .

(2)Во рамките на категориите Г, В и Б се утврдуваат 4 (четири) нивоа, кои претставуваат движење во кариера согласно општите и посебните работни компетенции утврдени со актот за внатрешна организација и систематизација на Министерството.

(3) Лицата од став 1 алинеја 1, 2 и 3 на овој член имаат статус на овластени службени лица, а кој статус го имаат поради посебни должности и овластувања, утврдени со овој закон, видот, сложеноста и тежината на работата, како и условите и начинот на нејзиното вршење.

(4) Службениците во одбраната со статус на овластени службени лица, посебните должности и овластувања ги вршат под услови утврдени со овој закон и други прописи.

(5) Службениците од став 1 алинеја 1, 2 и 3 на овој член имаат стаж со зголемено траење 12/16, додека службениците од став 1 алинеја 4 на овој член имаат стаж со зголемено траење 12/15.

(6) На службениците од став 1 алинеја 4 на овој член, должностите во одбраната, општите и посебните компетенции им се утврдуваат со актот за внатрешна организација и систематизација на Министерството, а правата и обврските од работен однос ги остваруваат согласно одредбите на овој закон и Законот за работните односи.

## 1. Критериуми за Класификација на работни места

Член__________

(1) Класификацијата на работните места на службениците во одбраната се врши согласно со:

- одговорноста, целите, видот и сложеноста на работите и работните задачи на работното место и
- потребните стручни квалификации, работното искуство, општите и посебните работни компетенции и други критериуми од значење за работното место.

(2) Општите работни компетенции и посебните работни компетенции се утврдени со овој закон, а дополнителни критериуми и компетенции, во зависност од спецификата на работното место можат да се утврдат како посебни услови за работното место во актите за систематизација на работните места.

Член__________

(1) Општите работни компетенции за службениците во одбраната, согласно овој закон, се:

а) За работните места од Категорија Б се применуваат девет општи работни компетенции за високо ниво:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;

- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење и
- финансиско управување.

б)За работните места од Категорија В се применуваат осум општи работни компетенции за средно ниво и тоа:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни и
- финансиско управување.

в)За работните места од Категорија Г се применуваат пет општи работни компетенции за почетно ниво и тоа:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни.

Член __________

(1)Посебните работни компетенции за службениците во одбраната утврдени со овој закон, се:

а) За раководните службеници во одбраната од категоријата Б се:

- Стручни квалификации за сите нивоа - ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, како и поседување на национален безбедносен сертификат со степен на класификација определен со актот за организација и систематизација на работните места, активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, или СТАНАГ 2.2.2.2.
- работно искуство, и тоа:
- за нивото Б1 најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор,
- за нивото Б2 најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор или
- за нивоата Б3 и Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно

искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор.

б)За службеници во одбраната од категоријата В се:

- за нивото В1 ниво на квалификациите VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, како и поседување на национален безбедносен сертификат со степен на класификација определен со актот за организација и систематизација на работните места, активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, или СТАНАГ 2.2.2.2.
- за нивоата В2, В3 и В4 ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, како и поседување на национален безбедносен сертификат со степен на класификација најмалку „ Доверливо “;
- работно искуство, и тоа:
- за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката,
- за нивото В2 најмалку две години работно искуство во струката,
- за нивото В3 најмалку една години работно искуство во струката или
- за нивото В4 со или без работно искуство во струката.

в)За помошно - стручни службеници во одбраната од категоријата Г се:

- ниво на стручни квалификации VA или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование, како и поседување на национален безбедносен сертификат со степен на класификација определен со актот за организација и систематизација на работните места, активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, или СТАНАГ 1.1.1.1.
- работно искуство, и тоа:
- за нивото Г1 најмалку три години работно искуство во струката,
- за нивото Г2 најмалку две години работно искуство во струката,
- за нивото Г3 најмалку една години работно искуство во струката или
- за нивото Г4 со или без работно искуство во струката.

## 2. Државен Секретар

Член ________

(1) Државниот секретар на Министерството го назначува министерот, од редот на раководни службеници во Министерството.

(2) За државен секретар може да биде назначено лице кое покрај општите услови за засновање на работен однос во Министерството, ги исполнува и следните посебни услови:

а) Стручни квалификации: ниво на квалификации VI А според Националната рамка на високо-образовните квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен на образование;

б) Работно искуство од најмалку четири години;

в) Општи работни компетенции утврдени во Рамката на општи работни компетенции во Министерството;

г) Посебни работни компетенции: активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, или СТАНАГ 2.2.2.2.

(3) Мандатот на државниот секретар завршува со мандатот на министерот кој го назначил, а по истекот на мандатот истиот се распоредува на работно место на најмалку исто ниво со нивото на работното место на кое работел пред да биде назначен за државен секретар или на најмногу едно ниво повисоко од нивото на кое бил распореден пред да биде назначен за државен секретар, согласно посебните услови од работното место.

(4) Државниот секретар може да биде разрешен по негово барање, кога е осуден за сторено казниво дело на казна затвор од најмалку шест месеца или заради несовесно и нестручно вршење на работата.

## 3. Акти за внатрешна организација и систематизација на работни места и видови на организациони единици на Министерството

Член ________

(1) Актот за внатрешна организација и актот за систематизација на работните места во Министерството, го донесува министерот со претходна согласност од Владата на Република Македонија.

(2)Со актот за внатрешна организација се утврдуваат: видовите на организациските единици и нивниот делокруг на работа, начинот на работа, програмирање и извршување на работите и задачите. Во Министерството како организациски единици се образуваат: сектори, служби и одделенија.

(3) Во актот за систематизација на работни места, се утврдуваат:
- називот на работното место,
- бројот на извршители,
- статусот,
-работните компетенции за извршување на работите на работното место и
- описот и пописот на работните задачи и друго.

(4) За донесување на актите од став 1 на овој член, а кои предизвикуваат 30% промени задолжителна е изработка на Функционална анализа.

## 4. Вработување, распоредување, мобилност, водење во кариера и обука на службениците во одбраната

Член __________

(1)Работен однос во Министерството се заснова врз основа на јавен оглас, под услови утврдени со овој закон, Колективен договор на Министерството за одбрана и Законот за работните односи.

(2)Јавниот оглас за засновање работен однос во Министерството се објавува на интернет страницата на Министерството, како и во најмалку два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(3) Во јавниот оглас се назначува работното место и општите и посебните услови за засновање на работен однос.

(4) Рокот за пријавување на јавниот оглас од ставот (1) на овој член, не може да биде пократок од 15 дена односно подолг од 20 дена од денот на неговото објавување во дневните печатени медиуми.

(5)Постапката за селекција по објавен јавен оглас за вработување во Министерството ја спроведува Комисија составена од четири члена, претседател и нивни заменици формирана со решение од страна на министерот за одбрана или од него овластено лице.

(6) Начинот на поднесување пријава за засновање на работен однос во Министерството, составот на Комисијата за избор, постапката/фазите за селекција и начинот на работа на Комисијата за избор, составување на ранг листи и избор на најсоодветен кандидат, ќе се пропишат со правилник донесен од министерот за одбрана.

Член ___________

Водењето на кариера на службениците во одбраната се базира на развој на вештини и компетенции од почетно ниво, со индивидуално насочено водење и надзор од страна на лидерите по принцип на менторство, во насока на преминување на средно самостојно ниво согласно потребите на одбраната, индивидуалниот потенцијал и дадениот учинок, додека преминот на високо ниво се врши исклучиво од постојните службеници на министерството согласно МЕРИТ системот (систем на заслуги).

Член ________

(1)Во почетното ниво пополната со службеници во одбраната се врши по пат на јавен оглас или по пат на мобилност, во транспарентна и фер постапка за распоредување односно преземање на вработен на работно место во исто ниво во иста или друга институција, во согласност со закон.

(2)Вработувањето по пат на јавен оглас се врши со склучување на договор на определено време (приправнички стаж) во траење од 6 (шест) месеци, по кој рок лицето се оценува од страна на непосредно претпоставениот и раководниот службеник на организационата единица.

(3)Во периодот на траење на приправничкиот стаж лицето склучува и договор за менторство, при што извештајот од страна на менторот е составен дел на оценката од приправничкиот стаж.

(4)Согласно покажаните резултати со лицето се склучува договор на неопределено време или вработувањето му престанува.

Член________

(1)Во средно самостојно ниво пополната се врши по пат на мобилност, во транспарентна и фер постапка за распоредување, согласно одредбите на овој закон, вклучително и со постојните службеници од одбраната од категорија Г, согласно личниот потенцијал, учинокот, општите и посебни компетенции, личната надградба по пат на стручно оспособување и усовршување и потребите на институцијата.

(2)Пополнувањето со персонал надвор од одбраната во оваа фаза се врши по пат на јавен оглас исклучиво на почетното влезно ниво во категорија В.

Член ________

(1)Во високо ниво, пополнувањето се врши исклучиво од постојните службеници од одбраната согласно потребите на одбраната, индивидуалниот потенцијал и дадениот учинок од категорија Б и В.

(2)По исклучок за потребите на одбраната, пополната во ова ниво може да се изврши по пат на преземање на вработен на работно место во исто ниво од друга институција, во согласност со закон, а кое нема да надмине 2% од вкупниот број на вработени по категорија за која се врши преземањето во текот на една календарска година.

Член________

(1)Водењето на кариера на службениците во одбраната од почетно ниво до високо ниво се врши од страна на Овластени одбори составен од четири члена, претседател и нивни заменици формиран со решение од страна на министерот за одбрана или од него овластено лице.

(2)Начинот на водење во кариера од почетно, средно до високо ниво, Составот на Одборот за селекција, следењето на ефектот на службениците во одбраната, начинот на распоредување и мобилност согласно покажаниот учинок ќе се пропиши со Колективен договор на Министерството за одбрана, донесен со согласност на репрезентативниот синдикат на Министерството.

Член ________

(1)Распоредувањето на службениците во одбраната се врши на работни места за кои ги исполнуваат општите и посебните работни компетенции, предвидени за работното место на кое се распоредува.

(2) Службеник на кој му мирувал работниот однос под услови утврдени со закон (избор и именување на јавна функција, придружба на брачен другар, извршување на должност во странство подолго од 1 година и слично), се распоредува на работно место за кои ги исполнува општите и посебните работни компетенции во звање кое го имал пред мирувањето на работниот однос.

(3) Доколку во моментот на враќање на работа нема слободно, систематизирано работно место согласно општите и посебните работни компетенции на лицето, лицето ги задржува правата од работен однос по основ на плата согласно последното распоредување пред мирувањето на работниот однос, а до стекнување на услови за негово распоредување, при што работните задачи ќе му ги издава раководното лице кое му било претпоставено пред мирувањето на работниот однос.

(4)Распоредувањето на службеници во одбраната на кои во текот на работниот однос им е одземен, не продолжен или не издаден национален безбедносен сертификат ги задржуваат правата од работен однос по основ на плата согласно последното распоредување пред губење, одземање или не продолжување на безбедносниот сертфикат кој е предвиден како посебен услов со актот за систематизација при што министерството има обврска да ги распореди на работно мести места за кои не се предвидува поседување на безбедносен сертификат согласно нивните општи и посебни работни компетенции на работноти места.

Член_______

(1) Службениците во одбраната имаат право и обврска, во текот на годината, да се обучува во согласност со потребите на Министерството, а врз основа на индивидуалниот план за стручно оспособување и усовршување.

(2) По завршување на обуката, лицето има обврска да го пренесе стекнатото знаење на останатите вработени.

(3) Обука во Министерството се спроведува во следниве случаи:

- кога определено лице за прв пат заснова работен однос (обука на приправник);

- заради оспособување на работник за самостојно вршење на работите на одредено работно место и

- заради континуирана обука на работник.

(4) Начинот на спроведување на обуката, надлежноста за спроведување на обуката и видот на обука се регулира со Колективен договор на Министерството за одбрана и други подзаконски акти на Министерството.

## 5. Управување со ефектот на учинок и оценување

Член______

(1)Водењето во кариера на службениците во одбраната, се реализира преку управување со ефектот на учинокот и оценување, за што поблиски прописи донесува министерот за одбрана согласно одредбите на овој закон.

(2 )Учинокот се следи врз основ на неколку мерливи критериуми, и тоа:

- стручност;
- правовременост/ефикасност (кога ги завршил работите);
- обем на работа/ефективност (колку задачи завршил);
- самостојност во работењето;
- доверливост;
- тимска работа;
- способност за градење на меѓучовечки односи;
- лично усовршување;
- работа под притисок;
- други способности поврзани со должноста.

(3)За следење на учинокот Министерството води единствениот информатички систем за управување на човечки ресурси.

Член______

(1)Службениците во одбраната, задолжително се оценуваат еднаш годишно, најдоцна до 1 декември за тековната година, а составен дел на годишната оценка е и полугодишно интервју и ефектите од него.

(2)Оценувањето се врши согласно мерливи критериуми од член (претходниот)__________став 2, при што истото е изразено бројчано од 1 до 5 и описно.

(3)Со степен на оценка „особено се истакнува" можат да бидат оценети само 25% од вкупниот број на персонал по категории на службеници во одбраната, а за кој процент одлучуваат Овластени одбори врз основ на доставени извештаи од страна на надлежните лица за оценување согласно закон.

(4) Начинот на оценување, постапкатаза селекција и работа на Овластените одбори ќе се пропиши со Колективен договор на Министерството за одбрана донесен со согласност на репрезентативниот синдикат.

## 6. Одговорност на службениците во одбраната

Член ____________

Службениците во одбраната имаат материјалната и дисциплинската одговорност која се утврдува согласно одредбите на Законот за административни службеници и Колективен договор на Министерството за одбрана.

## 7. Плата, надоместоци на плата и други примања

**Член__________**

(1)Службениците во одбраната имаат право на плата и надоместок на плата, согласно со закон, Колективен договор на Министерството и договор за вработување.

(2)Платата се состои од:

- основна компонента и
- исклучителна компонента.

(3) Основната компонента на платата ја сочинуваат:

- основна плата,

- зголемување за 20%, односно за 30% за овластени службени лица и
- додаток за кариера.

(4) Исклучителната компонента на платата ја сочинуваат:
- додаток за работна успешност,
- работен додаток на плата,
- вонреден работен додаток на плата (прекувремена работа) и
- додаток за посебен степен на образование.

(5) Бодовите и групирањето на одделни работни места согласно образованието и сложеноста на работите, се утврдува со Листа на плата во согласност со Колективниот договор на Министерството за одбрана.

(6) Листата на плата од став 5 на овој член ја донесува министерот, со претходно мислење на репрезентативниот синдикат и истата претставува класифицирана информација со степен на класификација „Доверливо“.

Член_______

(1) Со основната плата се вреднува образованието и сложеноста на работите на работното место утврдено со актот за систематизација на работните места, на кое работникот е распореден односно унапреден, неговото работно искуство, како и видот и позиционираноста на работното место согласно со Класификацијата на работните места.

(2) Образованието и сложеноста од ставот (1) на овој член, се вреднуваат согласно со Колективниот договор на Министерството, во зависност од видот и природата на работите што се вршат на работното место.

(3) Работното искуство се вреднува во износ од 0,5% од делот на основната плата со кој се вреднува образованието и сложеноста за работното место, за секоја започната година работен стаж, а најмногу до 20%.

Член_________

Вредноста на бодот за пресметување на платите на работниците во Министерството, се утврдува од страна на министерот, во согласност со репрезентативниот синдикат.

Член_______

Поради видот, природата и сложеноста на работите што се извршуваат, како и поради тежината на работите и посебните услови под кои тие се извршуваат, на службениците во одбраната со статус на овластени службени лица се врши вреднување на работата со зголемување на износот на средствата наменети за плата, и тоа:
- раководни овластени службеници лица од категорија Б кои вршат стручни работи се врши зголемување за 30% и
- стручни овластени лица од категорија В кои вршат стручни работи се врши зголемување за 20%.

Член___________

(1) Со додатокот за кариера се врши вреднување на професионалноста на службениците во одбраната со што се обезбедува стимулација за успешност и стручно извршување на работите, професионален развој и постојаност во работата.

(2) Стекнувањето на додатокот за кариера зависи од службеникот - поединец кој треба да ги исполни условите утврдени со Колективен договор на Министерството за одбрана за унапредување во платен ранг.

(3) Вреднувањето од ставот (1) на овој член се врши во процентуален износ во висина од 5%, што се смета на основната плата, доколку службеникот е унапреден во платен ранг, утврден со Колективен договор на Министерството за одбрана.

(4) Утврдениот износ од ставот (3) на овој член претставува составен дел на основната плата и на тој износ се врши наредното вреднување на додатокот за кариера.

Член ___________

(1) Додатокот за работна успешност на службеникот во одбраната се определува сразмерно на извршените работи на работното место на кое работи, односно доверените работи и неговиот придонес во вкупното работење на организациската единица во која работи и Министерството во целина.

(2) Додатокот од ставот (1) на овој член, постапката на неговото утврдување, како и висината се уредува со Колективниот договор на Министерството за одбрана.

Член__________

(1) Работниот додаток на плата се исплаќа за ноќна работа, работа во недела, работа за време на празници утврдени со закон, работа во смени, како и заради посебни услови за работа и опасност по живот, односно постоење на висок ризик во извршувањето на работите и задачите на службениците во одбраната во одредени организациски единици утврдени со Колективниот договор на Министерството за одбрана.

(2) Вонредниот работен додаток на плата се исплаќа за работа подолга од полно работно време - прекувремена работа.

(3) Додатокот за посебен вид на образование, се исплаќа како посебен додаток на плата за завршен посебен степен на образование кое треба да е од интерес на Министерството и да е предвидено како посебна работна компетенција на местото на кое лицето е распоредено.

(4) Додатоците од став (1), (2) и (3) на овој член меѓусебно не се исклучуваат, а нивната висина и постапката за нивно утврдување се уредуваат со Колективниот договор на Министерството за одбрана.

Член__________

(1)Платата на приправник се утврдува во висина од 80% од износот на најниската основна плата што се исплаќа во Министерството за соодветниот вид на образование.

(3)За време на стручно оспособување и усовршување заради оспособување и подобрување на компентенциите на службениците во одбраната им се исплаќа 100% од основната компонента на плата утврдена за работното место на кое е или се распоредува.

## 8. Престанок на работен однос

Член_______

(1) На службениците во одбраната им престанува работниот однос во следниве случаи:

- по сила на закон;
- откажување на договор за вработување;
- откажување на договор за вработување поради правосилна пресуда;
- по лично барање, и

- откажување на договор за вработување од деловни причини (економски, технолошки, структурални или слични промени).

(2) Решение за престанок на работниот однос од став (1) на овој член донесува министерот за одбрана или од него овластено лице.

(3) Против решението од став (2) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(4). Жалбата изјавена против решението за престанок на работен однос од ставот (1) алинеја 2, 3 и 4 на овој член не го одложува извршувањето на решението.

Член_________

(1)Службениците во одбраната со навршени 60 години возраст за мажи и 58 години за жени и остварен најмалку 33 години пензиски стаж, од кој 15 години во одбраната, можат да заминат со полна старосна пензија утврдена од 10 најдобри години пензиски стаж, при што Министерството за одбрана ќе изврши докуп на 7 години, односно до навршување на 40 години пензиски стаж.

(2)По исклучок од став (1) на овој член, службениците во одбраната со навршени 55 години возраст и остварен најмалку 35 години пензиски стаж од кои најмалку 20 години пензиски стаж остварен во одбраната да замине со полна старосна пензија утврдена од 10 најдобри години пензиски стаж, при што Министерството за одбрана ќе изврши докуп на 5 години, односно до навршување на 40 години пензиски стаж.

(3)По исклучок од ставот (1) и (2) на овој член службениците во одбраната можат да стекнат право на старосна пензија и пред возраста утврдена во овој член, доколку имаат остварено 40 години пензиски стаж, со што старосната пензија се утврдува од 10 најдобри години пензиски стаж.

Член_______

На службаниците во одбраната на кои им престанува работниот однос по сила на закон со исполнување на право на пензија му се исплаќа отпремнина во висина од пет месечни нето плати.

Член_______

На службеник во одбраната му престанува работниот однос со откажување на договорот за вработување во следните случаи:

- ако му е изречена дисциплинска мерка престанок на работниот однос со денот на конечноста на решението за престанок на работниот однос;
- ако при оценувањето двапати едноподруго биде оценет со оценка "еден" за најмалку еден критериум за оценување - со денот на конечноста на решението за престанок на работниот однос;
- ако неоправдано изостане од работа три последователни работни дена или пет работни дена во текот на една година;
- ако исполни услови за пензија согласно со закон - со денот на конечноста на решението за престанок на работниот однос.

Член_______

(1) На службеник во одбраната му престанува работниот однос со откажување на договорот за вработување кога со правосилна одлука му е забрането да врши определени работи од работниот однос или ако му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност, поради која не може да врши работи подолго од шест месеци или ќе мора заради издржување на казна затвор да отсуствува од работа повеќе од шест месеци.

(2) Во случајот од ставот (1) на овој член, на службеникот во одбраната му се откажува договорот за вработување во Министерството со денот на врачувањето на правосилната пресуда, односно со денот на започнувањето на издржувањето на казната затвор.

Член_______

(1) Во случај на престанок на работниот однос на службеникот во одбраната по лично барање, отказниот рок може да изнесува од еден до три месеци од денот на поднесувањето на барањето за што одлучува министерот за одбрана или од него овластено лице.

(2) Во случај на престанок на работниот по лично барање, барателот е должен да поднесе и писмена изјава со која ќе потврди дека нема неисполнети обврски кон Министерството за одбрана кои произлегуваат од стручно оспособување и усовршување финансирано од страна на министерството и реализирано за потребите на истото.

(3) Доколку постојат неисполнети обврски утврдени со договорот за стручно оспособување и усовршување, барателот е должен да го врати износот во целост на сметка на Министерството пред конечност на решението за прекин на работен .

(4) За време на траење на отказниот рок службеникот во одбраната има права и обврски од работен однос.

Член_______

(1) На службеникот во одбраната може да му престане работниот однос со откажување на договор за вработување од деловни причини (економски, технолошки, структурални или слични промени) во случај кога во Министерството се воведуваат нови промени во структурата, реорганизацијата, програмата и технологијата согласно актот за систематизација, а кои ќе предизвикаат потреба за намалување на бројот на персонал.

(2) Во случај на откажување на договор за вработување од деловни причини, Министерството е должно да го извести репрезентативниот Синдикат за намерата за донесување на одлука за откажување на договорот за вработување од деловни причини на поголем број на персонал, причините за престанување на потребите од работа на истите, предвидениот број и категорија на вишок на персонал и рокот во кој ќе престане потребата од работа на персоналот.

(3) Известувањето од ставот (2) на овој член треба да се достави најдоцна 30 дена пред донесување на одлуката за откажување на договорот за вработување поради деловни причини на поголем број на персонал.

(4) По завршување на активностите од овој член, Министерството задолжително писмено ја известува службата надлежна за посредување при вработување за деловните причини за откажување на договорот за вработување, предвидениот број и категорија на вишок на персонал и рокот во кој ќе престане потребата од работа на персоналот.

Член_______

Мерки кои треба да ги преземе Министерството за да го спречат или сведат на најмала мерка откажувањето на договорот за вработување поради деловни причини (економски, технолошки или слични промени) се:

- ограничување на нови вработувања;
- утврдување на намалување на бројот на работниците на одреден временски период, како би се овозможило природен одлив на работната сила по основ на исполнување на услови за пензионирање, со доброволно раскинување на договорот за вработување и слично;
- внатрешно прераспоредување на работниците кои се утврдени за технолошки вишок, вклучувајќи и распоредување на работни места во организациски единици надвор од местото на нивното живеалиште, со согласност на работниците;
- доооспособување и преквалификација, и
- ограничување на прекувремената работа.

Член_______

Министерството е должно на службениците во одбраната на кој ќе им престане работниот однос поради деловни причини (економски, технолошки или слични промени), да ги извести најдоцна еден месец во случаи на поединечен престанок на договорот за вработување или во случаи на престанок на помал број работници, а три месеци во случаи на престанок на работниот однос на повеќе од 150 работници или 5% од вкупниот број вработени во Министерството пред престанок на договорот за вработување.

Министерството може на службениците во одбраната на кој ќе им престане работниот однос поради деловни причини, да им обезбеди стручно оспособување (обука, преквалификација или доквалификација), доколку се обезбедени средства за таа намена во буџетот на Министерството.

Член_______

(1) Во случаи на откажување на договор за вработување од деловни причини, Министерството е должно на службеникот во одбраната да му исплати испратнина, односно еднократен надомест во висина на нето плата за секои три години работен стаж во Министерството, чиј износ не може да биде повисок од десет нето плати на работникот.

(2) Основицата за пресметка на испратнината од ставот (1) на овој член, е просечната нето плата на службеникот исплатена во последните шест месеци пред отказот.

(3) Испратнината се исплатува со денот на престанокот на работниот однос.

Член_______

Во случај на откажување на договор за вработување од деловни причини (економски, технолошки, структурални или слични промени), службениците во одбраната може да остварат право на пензија согласно одредбите од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.“

## 9. Видови на контрола

Член _______

Контролата на вршењето на работите на Министерството се остварува како внатрешна и надворешна контрола.

Член _________

(1)Внатрешната контрола ја остваруваат посебни организациски единици за потребите на Министерството и Армијата, кои вршат ревизорски и инспекциски надзор .

(2)Ревизорскиот надзор се спроведува согласно одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, а инспекцискиот надзор се спроведува согласно одредбите од овој закон и посебен подзаконски акт пропишан од министерот за одбрана.

(3)Надворешна контрола може да ја спроведува Државниот завод за ревизија, Народниот правобранител и Комисијата за одбрана и безбедност при Собранието на РСМ.

Член _________[1]

(1)Прописите со кои треба да се уредат и доуредат правата на службениците во одбраната согласно глава___________од овој закон ќе се донесат во рок од 6 месеци од негово стапување во сила.

(2)Исполнувањето на посебните работни компетенции од член ______ ќе се применуваат на лицата кои ќе се вработуваат, распоредуваат и водат во кариерата по стапување во сила на овој закон додека за веќе вработените ќе се применуваат условите кои важеле во периодот на нивно вработување.

Член _________

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

[1] Овој член треба да се вгради во Преодни и завршни одредби на целокупниот закон.